МЕТАМОРФОЗИС

Фондација за одржливи информатички решенија

# Нацрт-извештај: Функционалност на општинските веб-сајтови како средство за објавување информации

Скопје, 26.10.2010.

Оваа анализа на функционалноста на веб-сајтовите на единиците на локална самоуправа е направена како резултат на прашањето на пратеникот г. Васко Шутаров поставено на надзорната расправа за законот за слободен пристап до информации од јавен карактер одржана во Собранието на РМ на 21.10.2010.

Поттикнат од податокот дека според официјалната евиденција од јавната база на иматели на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер (www.komspi.mk) само 50% од единиците на локална самоуправа го користат вебот како средство за информирање на граѓаните, пратеникот побара **список** на општините со податоци за нивното отсуство на Интернет.

За да се обезбеди сеопфатен одговор на прашањето на г. Шутаров беа спроведени дополнителни испитувања, како и анализа на присуството на сите единици на локална самоуправа од РМ на Интернет (WWW). Во прилог се резултатите од анализата.

## 1. Методи на прибирање податоци и анализа

### 1.1 Предуслови и претпоставки

Основен предуслов при прибирањето и обработката на податоците е единицата на локална самоуправа (ЕЛС), односно општината, да има веб-сајт којшто функционира. Со оглед на тоа што некои од пронајдените линкови водеа до веб-сајтови кои не се прикажуваат веднаш, беше направен дополнителен напор на ваквите сајтови да им се пристапи по повеќе пати и во различни денови односно периоди на денот. Само оние веб сајтови кои при сите вакви обиди не работеа беа класифицирани како целосно нефункционални, додека ако во барем еден случај веб-сајтот се појавил, беше сместен во некоја од другите категории, соодветно.

Земајќи предвид дека базата на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер (КОМСПИ) е официјален регистер во кој општините законски се обврзани да ги пријават начините на кои објавуваат информации, таа беше земена како основен извор на информации.

Покрај базата на КОМСПИ беше користен и веб-сајтот на Министерството за локална самоуправа на Република Македонија (МЛС), односно нивната интерактивна мапа на сите општини од РМ (http://mls.gov.mk/map). Во оваа апликација меѓу другите информации е наведен и линк до официјалниот веб-сајт на општината посочен како извор на дополнителни информации. Податокот дали општините имаат обврска или развиено процедура за информирање на МЛС доколку има промена во однос на нивното присуство на веб, на пр. ако го менуваат официјалниот домен (основна веб адреса) или пак го укинуваат веб-сајтот, не е јавно достапен.

Иако основна појдовна претпоставка е дека надлежните органи *би требало* да имаат ажурирани податоци, со оглед на тоа што кај обете официјални апликации наведени погоре (КОМСПИ и МЛС) беше утврдено отсуство на линковите до веб-сајтовите на некои општини, или пак беа наведени застарени информации (линкови до сајтови кои постоеле но веќе не функционираат), како дополнителен извор на информации за споредба и дополнување беа употребени и два сервиси во приватна сопственост: директориумот на линкови за локална самоуправа на македонскиот портал

Маседониа Срч (http://www.org.mk/dir/dir.aspx?cat=s3) и американскиот пребарувач Гугл (www.google.com) со внесување на името на ЕЛС на македонски јазик со кирилица.

Ова испитување тргна од претпоставката дека веб-сајтот е *јавно гласило* кое општината го креира и администрира во рамките на своите надлежности. Со оглед на тоа што за 33 ЕЛС (Прилог 1) законот наложува „покрај македонскиот јазик во службена употреба" да употребуваат и други локални јазици и/или дел од нив имаат решено да применуваат уште некој службен јазик без разлика што тој е мајчин на заедница која е под 20% во населението на општината (на пр. Гостивар со турскиот јазик), еден од основните параметри при испитувањето беше дали оваа законска/статутарна обврска е исполнета при комуникацијата со граѓаните преку општинскиот веб-сајт.

## 1.2 Методологија

Со оглед на тоа дека формалното постоење на веб-сајт кој не ја исполнува својата основна функција за информирање на граѓаните е еднакво на, а во случај да има застарени и неточни информации, дури и полошо од, непостоење на веб-сајт беше разработена подетална категоризација која на заинтересираните страни може да им помогне попрегледно да ги согледаат тековните недостатоци и со тоа да се овозможат подобри услови за исправање на недостатоците.

За секој линк идентификуван преку било кој од горенаведените извори беше проверувано дали функционира (барем по 3 пати во различни денови во текот на октомври 2010.) и ако функционира беа во табела беа забележувани одговорите на следните прашања:

- На кои јазици функционира сајтот и до кој степен?
- Дали понудените информации се само статички или има и секција за редовни вести?
- Кога последен пат е ажуриран сајтот и дали основните информации се очевидно неточни?
- Дали има информации од областа на слободен пристап до информации од јавен карактер и политика за приватност?

Доколку некој од идентификуваните линкови не работи, беше проверувано дали таа веб-адреса е се наоѓа во официјалниот регистар на МАРНет (http://dns.marnet.net.mk/registar.php) и дали соодветната општина фигурира како регистрант, односно сопственик на тој домен. Бидејќи информациите дали тие домени ќе се користат во иднина за информирање на граѓаните не се јавно достапни или се работи за технички проблем со нивните сервери, сајтовите со регистрирани адреси кои во моментов не функционираат беа категоризирани како нефункционални.

Со оглед на тоа што поентата на употребата на различни службени јазици на државно и локално ниво е зголемување на можностите за комуникација со *сите* граѓани, непостоењето или нефункционалноста на обврзните јазични верзии беше земено како важен параметар при определување на нивото на функционалност.

## 1.3 Ограничувања

При ова испитување беше следено само еднонасочното комуницирање на ЕЛС кон граѓаните, односно проактивното објавување на информации за општините, нивните надлежности и активности. Прашањата дали општините овозможуваат двонасочна комуникација (можности за иницирање контакт и прашања од граѓаните кон ЕЛС) или повеќенасочна комуникација (јавно објавување на дискусии преку форуми или социјални мрежи) не беа предмет на ова испитување.

## 1.4 Заклучоци и препораки

### Заклучоци

- Голем дел, или околу половина од општините, не ги користат своите веб-сајтови за информирање на граѓаните, а десетина општини кои имале веб-сајтови во последните неколку години ги имаат затворено.
- Значителен дел од општините кои имаат повеќе од еден службен јазик не ги користат сите службени јазици за комуникација преку Интернет, намалувајќи ги можностите за разбирање со сите нивни граѓани.

**Препораки**

- Неопходно е воспоставување и спроведување обврзни стандарди за присуство на веб на сите јавни институции, со кои ќе се дефинира минималното ниво на содржини и ритам на ажурирање за да се обезбеди проактивно информирање на граѓаните за работата на единиците на локалната самоуправа.
- Обрската за објавување на податоци од областа на пристап до информации од јавен карактер, условите за користење и политиката за приватност треба да бидат обврзен дел од ваквите стандарди.
- Заради нивна јавен увид и лесно пронаоѓање потребно е воспоставување процедури за информирање за нивното присуство на веб од страна на општините кон надлежните државни тела.

## 2. Резултати

Заради поголема прегледност, во следната табела списоците по категории се подредени по азбучен редослед (состојба на ден 26.10.2010.).

Општините означени со ѕвездичка во деловите 2.1.1-2.1.5 би требало како дел од своите сајтови кои се нефункционални во различна мерка да нудат информации на сите свои службени јазици.

| **2.1 Нефункционални веб-сајтови на ЕЛС** | |
|---|---|
| **2.1.1 Општини без општински веб-сајтови**<br><br>Дел од овие општини порано имале веб-сајтови на чии домени им е истечена регистрацијата во МАРНет. | • Арачиново*<br>• Врапчиште*<br>• Дебарца<br>• Демир Капија<br>• Демир Хисар<br>• Желино*<br>• Зајас*<br>• Зелениково*<br>• Карбинци<br>• Кривогаштани<br>• Липково*<br>• Осломеј*<br>• Пласница*<br>• Центар Жупа*<br>• Чучер Сандево* |
| **2.1.2 Целосно нефункционални сајтови**<br><br>Општини кои имаат регистрирани адреси за своите веб-сајтови, но чии веб-сервери не функционираа во текот на испитувањето, иако беа проверени по неколку пати во тек на месец октомври 2010 г. | • Дебар*<br>• Куманово*<br>• Пехчево<br>• Теарце*<br>• Чешиново-Облешево |
| **2.1.3 Сајтови без содржина**<br><br>Општински веб-сајтови кои „работат", но немаат никаква содржина. | • Боговиње<br>• Валандово<br>• Вранештица<br>• Лозово |
| **2.1.4 Сајтови со технички проблеми** | • Студеничани* |

<table>
<tr><td>Општински веб-сајтови кои работат, но значителен дел од нивните содржини е недостапен поради технички проблеми.</td><td></td></tr>
<tr><td>2.1.5 Сајтови со застарени содржини<br><br>Општински веб-сајтови со застарена содржина, со последно ажурирање пред 1.1.2010 година.<br><br>Веб-сајтот на Шуто Оризари последен пат е ажуриран далеку пред локалните избори од 2009 г., со информации кои можат да ги доведат во заблуда граѓаните.</td><td>• Босилово<br>• Зрновци<br>• Росоман<br>• Сарај* (верзијата на македонски, додека на албански е ажурирана во јули 2010)<br>• Шуто Оризари*</td></tr>
<tr><td>2.1.6 Сајтови без верзии на своите службени јазици<br><br>Општини кои работат на повеќе од еден службен јазик, но на нивните веб-сајтови тоа не се рефлектира, или пак верзиите на некои од службените јазици се нефункционални.<br><br>(До името на општината е даден и службениот јазик кој за недостасува верзија на веб-сајтот.)<br><br>* Дел од општините кои се опфатени во претходните категории и се означени со ѕвездичка спаѓаат и во оваа категорија.</td><td>• Бутел (- албански)<br>• Долнени (- алб.)<br>• Јегуновце (- алб.)<br>• Кичево (- алб.)<br>• Крушево (- алб. и влашки)<br>• Маврово и Ростуше (- турски)<br>• Петровец (- алб.)<br>• Сопиште (- алб.)<br>• Чашка (- алб.)</td></tr>
<tr><td colspan="2">2.2 Делумно функционални веб-сајтови на ЕЛС</td></tr>
<tr><td>2.2.1 Статички сајтови<br><br>Општински веб-сајтови кои не нудат вести, туку само статички, еднаш поставени информации.</td><td>• Другово<br>• Старо Нагоричане</td></tr>
<tr><td>2.2.2 Неажурирани во последните 3 месеци<br><br>Општински веб-сајтови кои нудат вести, но не се ажурирани во последните 3 месеци (август-октомври 2010 г.).</td><td>• Вевчани<br>• Градско<br>• Могила</td></tr>
<tr><td colspan="2">2.3 Функционални веб-сајтови на ЕЛС</td></tr>
<tr><td>2.3.1 Сајтови што ги исполнуваат основните услови за функционалност<br><br>Општини кои редовно објавуваат информации и вести преку Интернет на јазиците определени како службени на локално ниво и имаат објавено вести и/или информации во последните 3 месеци.</td><td>• Берово<br>• Богданци<br>• Брвеница<br>• Велес<br>• Виница<br>• Гази Баба<br>• Дојран<br>• Кавадарци<br>• Карпош<br>• Кисела Вода<br>• Конче<br>• Кочани<br>• Кратово</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | • Крива Паланка<br>• Македонска Каменица<br>• Македонски Брод<br>• Неготино<br>• Новаци<br>• Ново Село<br>• Прилеп<br>• Пробиштип<br>• Радовиш<br>• Ранковце<br>• Ресен<br>• Свети Николе<br>• Струга<br>• Струмица<br>• Центар<br>• Чаир |
| **2.3.2 Функционални сајтови со превод преку Гугл**<br><br>Општини кои редовно објавуваат информации и вести преку Интернет на службените јазици, а дополнително ги прават достапни и на други јазици преку Гугл транслејт (автоматски машински превод со неконзистентен квалитет). | • Делчево (+5 јазици)<br>• Ѓорче Петров (+9 јазици) |
| **2.3.3 Функционални сајтови со превод и на други јазици освен службените**<br><br>Единици на локална самоуправа кои редовно објавуваат информации и вести преку Интернет на службениот јазик/службените јазици и дополнително имаат редовно ажурирани верзии со превод на вести и на странски јазици.<br><br>Во оваа група не земени предвид општините кои имаат верзии на странски или други јазици во кои има само статички информации или содржат само неколку текстови преведени пред повеќе од 6 месеци. | • Град Скопје (+ англиски)<br><br>• Аеродром (+ анг., гер., фра., шпа., ита.)<br>• Битола (+ анг.)<br>• Василево (+ анг.)<br>• Гевгелија (+ анг.)<br>• Гостивар (+ анг.)<br>• Илинден (+ германски)<br>• Охрид (+ анг.)<br>• Тетово (+ анг.)<br>• Штип (+ анг.) |

# Прилог 1: Службени јазици на локално ниво

Во наредната табела се поместени податоците за тоа кои единици на локална самоуправа имаат законска и/или статутарна обврска да користат и други службени јазици освен македонскиот, обезбедени од ЗЕЛС во 2009 година од страна на УСАИД Проектот за е-Влада. Паралелно, поместени се податоците од тековното испитување за тоа дали тие општини имаат веб-сајтови (јавно достапни во текот на истражувањето) и на кои сè јазици објавуваат информации преку нив.

Заради поголема прегледност, со знакот плус (+) е означено присуство а со знакот минус (-) отсуство на дадениот параметар. Во овој случај не беше земано предвид дали различните јазични верзии се меѓусебно целосно усогласени, така што за присутни се сметани и верзии во кои некои натписи се непреведени, но тоа е забележано дополнително.

За општините што немаат веб-сајтови, кај сите јазични верзии е ставен знакот минус.
(Состојба на ден 26.10.2010 г.)

**Кратенки**
МК – македонски
АЛ – албански
ТУ – турски
РО – ромски
ВЛ – влашки
СР – српски
БО - босански

| **ЕЛС/Општина** | **Службени јазици** | | | | | | **Користење на веб** | | | | | | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **МК** | **АЛ** | **ТУ** | **РО** | **ВЛ** | **СР** | **МК** | **АЛ** | **ТУ** | **РО** | **ВЛ** | **СР** | |
| Град Скопје | + | + | | | | | + | + | | | | | |
| Арачиново | + | + | | | | | - | - | | | | | Нема сајт |
| Боговиње | + | + | | | | | - | - | | | | | Нема содржини |
| Брвеница | + | + | | | | | + | + | | | | | |
| Бутел | + | + | | | | | + | - | | | | | |
| Вранештица | + | | + | | | | - | | - | | | | Нема содржини |
| Врапчиште | + | + | | | | | - | - | | | | | Нема сајт |
| Гостивар | + | + | + | | | | + | + | + | | | | |
| Дебар | + | + | | | | | - | - | | | | | Сајтот не работи |
| Долнени | + | + | | | | | + | - | | | | | |
| Желино | + | + | | | | | - | - | | | | | Нема сајт |
| Зајас | + | + | | | | | - | - | | | | | Нема сајт |
| Зелениково | + | + | | | | | - | - | | | | | Нема сајт |
| Јегуновце | + | + | | | | | + | - | | | | | |
| Кичево | + | + | | | | | + | - | | | | | |
| Крушево | + | + | | | + | | + | - | | | - | | |
| Куманово | + | + | | | | | - | - | | | | | Сајтот не работи |
| Липково | + | + | | | | | - | - | | | | | Нема сајт |
| Маврово-Ростуше | + | | + | | | | + | | - | | | | |
| Осломеј | + | + | | | | | - | - | | | | | Нема сајт |
| Петровец | + | + | | | | | + | - | | | | | |
| Пласница | + | | + | | | | - | | - | | | | Нема сајт |
| Сарај | + | + | | | | | + | + | | | | | Застарена МК верзија |
| Сопиште | + | + | | | | | + | - | | | | | |
| Струга | + | + | | | | | + | + | | | | | |
| Студеничани | + | + | | | | | + | + | | | | | Делумно не работи |
| Теарце | + | + | | | | | - | - | | | | | |
| Тетово | + | + | | | | | + | + | | | | | |
| Центар Жупа | + | | + | | | | - | | - | | | | Нема сајт |
| Чаир | + | + | | | | | + | + | | | | | |
| Чашка | + | + | | | | | + | - | | | | | |
| Чучер-Сандево | + | + | | | | + | - | - | | | | - | Нема сајт |
| Шуто Оризари | + | + | | + | | | + | - | | - | | | Целосно застарен сајт |
| | **МК** | **АЛ** | **ТУ** | **РО** | **ВЛ** | **СР** | **МК** | **АЛ** | **ТУ** | **РО** | **ВЛ** | **СР** | |

## Дигиталната верзија на ова дело е објавена според условите на лиценцата Криејтив комонс Наведи извор 2.5 Македонија

**Можете:**

- **да споделите** – да умножувате, дистрибуирате, јавно да го прикажувате или јавно дигитално да го прикажувате делото
- **Преработка** – да го адаптирате делото

**Под следните услови:**

**Наведи извор** — Морате да го наведете изворот на ист начин како што тоа го направил авторот или давателот на лиценцата (но не на начин кој би сугерирал дека тие ве поддржуваат вас или вашето дело). Најдобар начин за да го направите тоа е да поставите врска до оваа веб-страница:

http://creativecommons.org/licenses/by/2.5/mk

Секој од горенаведените услови може да биде поништен ако добиете дозвола од носителот на авторските права.

Ништо во оваа лиценца не ги нарушува или ограничува моралните права на авторот.